ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 23 ДАТА 15.06.2016 ГОДИНА 34

ФФМ ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 23 ДАТА 15.06.2016 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИТЕТОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 14.06.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЉУБАШ„ с. Манастирец: Ѓорѓиев Т. Дарко, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница од 14.06.2016 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб „Винер спорт„ од Скопје, со решение на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 6826946 од 07.06.2016 година, со седиште во Скопје.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 10.06.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЗРНОВКА„ с. Зрновци: Савев Џ. Ненад, Стојков Т. Димитар, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 14.06.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВА МИЛАНО 2010„ Куманово: Фетахи С. Меритон, Џемаиљи Н. Или, Демири Џ. Астрит, Амети З. Бесим, Рамадани С. Аљбан, Мифтари Б. Ресуљ, Зендели Л. Агрон, Алити И. Зекирија, чл.35/1.

ФК „МИЛАНО„ Куманово: Сејдини И. Куштрим, по член 35/1

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Куманово, фудбалерката Ѓурова Т. Маја од ЖФК „Речица„ од с. Речица, поради преминување со регистрација на територија на друг ОФС.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница од 02.02.2016 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Шамоли Дрен од ФК „Курда„ Приштина, Косово, по член 35/11.

Комитет за итност на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-959/2
14.06.2016 год.

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Лазар Ракиџиев - член, на седницата одржана на 14.06.2016 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**1.** Се врши измена на член **65 став 3** од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ :

- зборот „дозволено" во вториот ред на став 3 се менува со зборот „задолжително".

- изменетиот став 3 гласи:
„ Доколку клуб по завршеток на натпреварувачката сезона преоѓа во степен на натпреварување каде по одредбите од овој Правилник не е задолжително склучување договори, сите склучени договори помеѓу тој клуб и фудбалерите престануваат да важат."

**2.** Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се даде на потврдување на првата наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

**3.** Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на 14.06.2016 година утврди дека поради направената измена на одредбите на Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери со кои е овозможено склучување на професионални договори во Втора МФЛ како и во останати категории на фудбал дека е нужно да се измени одредбата од член 65 во насока на зачувување на целта на нормата.

Од тие причини Комитетот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-959/2